Радко НАЧЕВСКИ

# МАКЕДОНИЈА ВО БУГАРСКИОТ СТРАТЕГИСКИ КОНТЕКСТ ЗА 21 ВЕК

## *ВОВЕД*

Еден од најсветлите датуми во историјата на македонскиот народ секако е 8 септември 1991 година. На тој датум, на одржаниот референдум, од излезените 75,75% гласачи, 95,1% се изјаснија за суверена и самостојна држава Македонија. На тој начин се создаде самостојна суверена Република Македонија.

Меѓутоа, еднодецениското живеење и развој на македонскиот меѓународно признат државен ентитет непобитно го потврдува фактот дека, колку и да била тешка едномилениумската борба на македонскиот народ (по пропаста на Самуиловата држава) во обидите да создаде сопствена држава, уште потешка и покрвава е борбата да се докажува и да се брани суверенитетот и интегритетот на новосоздадената држава. Имено, создавањето на македонскиот државен ентитет како да претставуваше истовремен сигнал за државите од македонското опкружување – Албанија, СР Југославија, Бугарија и Грција – дека прогласувањето на сувереноста на Македонија истовремено претставува и ставање **ад акта** на „**македонското прашање**", а со тоа и дефинитивно бришење на нивните историски „наследени права" кон македонскиот простор.

Во тој контекст, во нивните стратегиски определби за 21 век, евидентен е ***двојниоӣ ӣрисӣаӣ (морал)*** кон новата македонска држава. Од една страна, соседните држави пред меѓународниот фактор „силно" ги поддржуваат македонската сувереност и интегритет и нејзината стратегиска определеност за целосна имплементираност во наднационалниот стратегиски контекст на капитал-системот,[1] а од друга, де факто и де јуре, без оглед на нивната евро-трансатлантска стратегиска ориентација (Грција е рамноправен член), со сите сили и средства активно дејствуваат за разнебитување на македонската држава.

[1] Поопширно види: Нацев, З., Начевски, Р., *Безбедносӣ и националнаӣа одбрана*, „Македонска ризница", Куманово, 2001, стр. 185-235.

***Арсеналнаша димензија*** на нивните сили и средства, кои перманентно се употребуваат против македонската држава и се во функција на реализирање на големодржавни цели, се состои од сили и средства за ***оружено насилсшво и водење војна*** заради насилна и оружена окупација на „историски" наследениот простор, до примена на најсуптилните и најперфидните сили и средства на стратегијата за ***„йосредно насшайување"***, кои имаат иста функција како и оружените.

Квантитетот, квалитетот, интензитетот, деструктивноста, начинот на примената и објектите кои се цел на нападите врз најмалубројниот македонски народ и врз неговата најмала по простор земја на Балканот[2], во секој поглед ги надминуваат оние кои низ историјата на овој простор ги применувале некултивираните дивјаци, варварите, деспотите, императорите, фашистите, модерните империјалисти, комунистите... со подеструктивни последици од тие времиња – убивања, егзодуси, разурнувања, опожарувања, силувања, трауматизирања, крадење на простор...

Од тој аспект, најкрвави и просторно најдеструктивни се последиците на македонскиот простор од примената на силите и средствата на оружено насилство и војна спонзорирани (директно или индиректно) од актуелната големодржвна албанска стратегиска практика.[3]

Во овој труд, предмет на научна опсервација се најсуштествените определби на современата бугарска стратегиска мисла и практика, на прагот на новиот милениум, во однос на новосоздадениот национален суверенитет и меѓународно признат државен ентитет на македонскиот народ.

## *КОРЕНИ И КОНТИНУИТЕТ*

Ако ги бараме корените на „аргументите" (апетити или заблуди) на бугарската политика, односно на нејзината наука, не само за некаква загрозеност туку и загриженост за некаков перманентен процес на етничко „искоренување" на Бугарите во Македонија, временската димен-

[2] Поопширно види: Талевски, Ј., *Границише на Реџублика Македонија*, Алекс, Битола, 1997.

[3] Види: Начевски, Р., Нацев, З., „Интеграцијата во Европа ќе ги искорени апетитите на соседите", *Вечер*, 14-15. 07. 2001.

зија на „тврдењата“ датира уште од X век, следени со непрекинат континуитет до денес. Така, во „доказите“ дека македонските Словени се Бугари, во најновата научна аргументација на демократска Бугарија[4], се тргнува од фактот, дека „географската област (се мисли на Македонија, заб. Н.Р.) секогаш била поврзана со целосната историја на Бугарија (времето на преродбата: X-XIX век, заб. Р.Н.), етничка, јазична и културна. Од самиот почеток на создавањето на бугарската народност... жителите на Македонија се чувствувале и се осознавале, според својот јазик, бит, минато, според својата материјална и духовна култура, како припадници кон таа народност“.

Операционализацијата, односно првичните стратегиски определби и „насоки“ што биле и се во функција на континуираната „аргументација“ за бугарската коренштина на Македонците, експлицитно се содржат во „аргументираната“ ***исӣовед*** на министерот за надворешни работи и вера на Бугарија Константин Стоилов (негов личен став; заб. Н.Р.), од 1882 година, до тогашниот кнез на Бугарија Александар Батенберг.[5] Во него тој „открива“ дека „Архимедовиот пункт на бугарската народност денес лежи во Македонија. Кај македонските Бугари треба да се развие чувството за народносно сознание, мало и големо треба да знае дека е *буӣарска крв* (подвлекол Р.Н.)...“. Понатаму, спред Стоилов, „во Софија се грижат за нивната судбина, сегашност и иднина“.

„Откритијата“ на Стоилов, за жал, се фундаментализираат и во „новата“ стратегиска мисла и практика за XXI век на демократска Бугарија, кои, на тој начин го потврдуваат „континуитетот“ на тврдењата за грижите за судбината, сегашноста и иднината на македонските Бугари. Во актуелната бугарска национална доктрина[6], покрај анализите и насоките кои се зацртани во националните стратегиски програми (политички, економски, културни и воени), посебно импонираат ставовите и насоките за судбината, сегашноста и иднината на македонските Бугари во бугарското опкружување и во останатата бугарска дијаспора.

---

[4] Проблеми на българския език в Македония, София, 1993, стр. 7.

[5] Види: *Одбрани чеӣива за исӣоријаӣа на македонскиоӣ народ*, дел 2, Скопје, 1953.

[6] Во 1998 година (Софија), Научниот центар за българска национална стратегија, објави *Национална сӣраӣеӣическа ӣроӣрама No1*, со цел научната мисла да ѝ „помогне“ на политиката во дефинирањето на бугарската национална доктрина за XXI век, која би била во функција на „националната стратегија при решавањето на националниот идеал и националните интереси во период од 10-30 години“ (стр. 3).

## *ЕТНИЧКА ТЕРИТОРИЈА И ЕТНОКУЛТУРНО ПРОСТРАНСТВО*

### *1. Бугарската етничка територија*

Како што се тврди во бугарската национална доктрина (БНД)[7], бугарската нација се формирала во периодот на XVIII-XIX век, како единствена етничка, јазичка, економска, културна и духовна целост на територијата на:

- ***Мизија***, вклучувајќи ги цела ***Добруџа*** и ***Дунавската Рамнина;***
- ***западните бугарски земји: Тимочко, Поморавјето*** (Нишко, Лесковачко, Пиротско, Врањанско), ***западните покраини*** (Босилеградско, Царибродско, просторите западно од Видин, Кула и Трн, кои се дефинирани со меѓународни договори);
- ***Тракија;***
- ***Македонија.***

Во тој контекст, според бугарските стратези, границите на бугарската етничка територија се зацртани (дефинирани) во следниве документи:

- ➢ султанскиот ферман од 1870 година, со кој се втемелува независната бугарска православна црква и егзархија, што ги определува нивните диецези;
- ➢ плебисцитот на епархиите во Македонија: Скопска, Охридска, Кукушка и Солунска. Како резултат на тоа, тие се вклучени во диецезата на Бугарската православна црква во 1872 година;
- ➢ решението на Цариградската пратеничка конференција на Големите сили и Турција од 1876 година;
- ➢ прелиминарниот Санстефански мировен договор од 1878 година, потпишан од Русија и Отоманската Империја без учество на бугарски претставници;
- ➢ тврдењата на европските патеписци, црковни великодостинственици, дипломати, учени и воени претставници, кои ги посетиле бугарските земји во XIX век. Тие ги обележале етничките граници на бугарската нација во Мизија, Тракија и Македонија.[8]

---

[7] Исто, стр. 17.

[8] Исто, стр. 18.

### *2. Бугарското етнокултурно пространство*

Во БНД, етнокултурното пространство на Бугарија е дефинирано како: територии на кои живееле или живеат Бугари. Тие ги создавале или ги создаваат јазикот, религијата, традициите, науката и искуствата, кои, од своја страна, ја формирале бугарската национална целост.

Во доктрината, територијата на бугарското етнокултурно пространство условно е поделена на две зони:

- „Старо етнокултурно пространство", кое ја опфаќа територијата населувана од волшко-уралските Бугари, на која била создадена Голема Бугарија, и
- „Ново етнокултурно пространство", кое ја опфаќа територијата на која се вкрстосувале и се мешале Тракијците, Словените и Бугарите. Оттука, може да се тврди дека историското етнокултурно пространство ја опфаќа територијата од *Татрите до Егејското Море и од р. Сава и средното течение на р. Дунав до р. Дњепар и Црното Море* (подвлекол Н. Р.).

### *БУГАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Како што се потенцира во БНД, Репубика Македонија е создадена по распаѓањето на Југославија во 1991 година. Веднаш по создавањето на македонската државотворност, бугарската држава *презела смел и националноодговорен чин* (подвлекол Н. Р.) – прва да ја признае Република Македонија. Таквиот чин бил во функција на заштита на нејзината територијална целокупност и државен суверенитет. Во тој контекст се издвојуваат четири поднаслови, во кои не само што се презентираат „аргументи" туку се детерминираат иницијативи и решенија со стратегиска конотација:

### *1. Политички реалности*

Во овој поднаслов се тврди дека „**до 1944 година населението на Р. Македонија секогаш ја манифестирало својата приврзаност кон бугарската нација. Тој факт добро им е познат на светската наука и политика".**[9]

[9] Исто, стр. 23.

Понатаму, се наведува, дека, во **1945** година се **создава НР Македонија** во рамките на ФНР Југославија врз основа на ***„воинствениот антибугарски македонизам*** (подвлекол Н. Р.)“.[10] Југословенската комунистичка партија го фундаментирала **создавањето** на ***„македонската нација“*** и ***„македонскиот јазик“*** врз основа на решението на **Коминтерната** од **1934 година.**[11] Оттука, како што понатаму следи, се ***„создава основа да ни се фалсификува историјата, да се негира бугарскиот карактер на јазикот, културата и традициите“.***[12]

За **меѓусоседските односи**, какви што се, „аргументите“ во овој дел од БНД тврдат дека за нив виновна е ***„Владата на Р. Македонија, која ја продолжува старата југословенска политика на тотална конфронтација со Р. Бугарија. За развојот на нашите меѓудржавни односи, таа како*** **претходен услов го поставува признавањето на „македонскиот јазик“ и „македонската нација“ во рамките на Р. Македонија“.** Од тој аспект, најекстремен, најперфиден и најсуптилен е бугарскиот доктринарен став, извлечен од претходно наведениот „аргумент“ што бугарската доктрина го користи како тврдење за македонски агресивен настап (**прикривајќи ја сопствената агресивност,** заб. Н. Р.) пред меѓународната јавност, дека **„Тие барања се претпоставка за територијални претензии кон Р. Бугарија и Р. Грција“**.[13]

## *2. Политичките права на Бугарите*

За политичките права на Бугарите во Р. Македонија, авторот останува без коментар, со тоа што на читателскиот аудиториум му остава простор за индивидуални расудувања и заклучоци.

Од БНД ќе бидат експлицирани, во изворна форма, најсуштествените „аргументи“ и доктринарни ставови за идното време:

---

[10] Исто.

[11] АНТИТЕЗА: Ако македонскиот јазик и македонската нација биле создадени врз основа на решението на Коминтерната од 1934 година, тогаш, во 1991 година македонската држава и нејзината нација и јазик не ги создаде Коминтерната, а уште помалку, или никако, бугарската држава со нејзиниот *„смел и националноодговорен чин“* со кој прва ја призна Р. Македонија.

[12] *Национална*.., стр. 23.

[13] Исто.

- „Во Р. Македонија, целото словенско население се дефинира како македонско;
- Официјално, за Бугари се признати само 1 850 луѓе, претежно доселеници од западните покраини;
- Секој кој јавно ќе се декларира како Бугарин, е подложен на санкции според одредбите на „Законот за заштита на македонската национална чест";
- **Денес** во Р. Македонија живеат околу **1 400 000 граѓани со бугарски етнички корени, лишени од правото на самоопределување** (подвлекол Н. Р.).., иако *самите се чувствуваат како македонски Бугари*, но, *официјално се принудени да се определуваат и регистрираат како „Македонци"*. Како резултат на таквата полувековна *насилна денационализаторска политика*, на последните две-три млади поколенија им е избришан историскиот ум. Поради тоа, тие се декларираат како „Македонци" или „Југословени";
- Со преземените мерки со кои се ограничува секаков вид духовна манифестација, се настојува да се надвладее (се мисли на македонската младина – Н. Р.) т.н. Б-комплекс (бугарски комплекс), а исто така и сè пошироко распространетата девиза меѓу народот за ***„Еден народ во две држави"***.[14]

### *3. Социјалниот статус на Бугарите*

Во овој поднаслов, според анализите на бугарските економски експерти и стратези, посебно се потенцира грижата за социјалните состојби на „македонските Бугари" во Р. Македонија. Во тој контекст, не тргнувајќи од социјалните состојби дома, се тврди (без аргументи – заб. Н. Р.) дека во „Р. Македонија се случува сериозна економска стагнација.., а како последица на тој процес се 44% невработени од работноспособното население. Отука, следи и развојниот процес на емиграција кон Америка, Канада и Австралија".[15]

---

[14] Исто, стр. 24-25.

[15] КОМЕНТАР: Во БНД со ниту една фактографска аргументација не се поткрепуваат наведените аргументи. Оттука, кога станува збор за грижата на бугарските стратези за социјалниот статус на „македонските Бугари" во Р. Македонија, би требало, барем од етички аспект, со

### *4. Стратегијата на Бугарија*

Во овој поднаслов јасно се детерминирани ***императивите на бугарската стратегија*** по однос на „Бугарите во Македонија". Императивите се во функција на реализирање на стратегиските бугарски државно-политички цели на прагот на XXI век. **Задачите, средствата и силите**, (системски стратегиски фундаменти од арсеналот на стратегијата на „посредно настапување" – заб. Н. Р.), со антимакедонска исклучивост, во стратегијата се децидно дадени.[16] Следи експликација на најрепрезентативните:

1. Бугарската држава, пред меѓународната заедница и дипломатските кругови, јасно и цврсто да ја постави ***неоснованоста*** и ***неможноста да се признае суштествувањето на „македонскиот јазик" и „македонската заедница", како различни од бугарските*** (подвлекол Н.Р.).
2. Бугарската држава да спроведува политика која ќе го обезбедува и заштитува правото на македонските Бугари на самоопределување.
3. Бугарија да ги поставува прашањата за целосно приспособување на европските норми по однос на националните права на Бугарите во Македонија – слобода на зборот, право на самоопределување, право на здружување во национални партии и организации, право на достапност до информации од бугарски изданија – печат, радио и телевизија, како и од научни институции во Бугарија.
4. Да се организира и да се спроведува системски широка дејност кај нас и во странство за разобличување на фалсификатите на бугарската историја, јазик, традиции... за што треба:
   - Бугарската национална телевизија и националното радио да обезбедат сигнал и емисии кои целосно ќе ја покриваат територијата на Р. Македонија;

---

најмала научна доблест, во доктрината да се прикаже споредбена анализа на социјалниот статус меѓу „македонските Бугари" и Бугарите во Бугарија, и оттаму да произлезат фактите за грижата по однос на социјалниот статус на „Бугарите" не само во Р. Македонија, туку и на Бугарите во сопствената држава, на кои и во Бугарија не им цутат социјални рози.

[16] *Национална..*, стр. 25-27.

- Бугарските печатени изданија решително да се противставуваат на сите клевети и фалсификувања од страна на македонските медиуми;
- државата финансиски да ги поддржува Македонскиот научен институт и Македонскиот меѓународен институт во Софија ***за систeмско истражување*** и ***публикување*** на ***важни документи и трудови по однос на македонското прашање***;
- да се издава весник и списание, кои нема да се наплатуваат, посветени на историјата и животот на граѓаните во Р. Македонија со бугарски етнички корени.

5. Да се прифаќаат и приспособуваат уставни и законски норми во Бугарија со цел постепено да се ***изедначуваат правата на Бугарите од Македонија со правата на бугарските граѓани***.
6. Да се уредат условите за ***издавање на бугарско државјанство на македонски Бугари.***
7. Да се обезбеди доволен број ***стипендии***, кои ќе ги задоволат желбите на сите млади од Р. Македонија за нивно образование во Бугарија.
8. Да се создаваат услови за изземање на царина за стоките произведени во Р. Македонија.
9. Да се изнаоѓаат патишта за проширување на научните контакти и обезбедување на бесплатни специјализации на научници и професори на бугарските универзитети и научни институти...

***БУГАРИТЕ ВО ХРВАТСКА, СЛОВЕНИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА***

За Бугарите кои живеат во Хрватска, Словенија и БиХ, во доктрината се тврди дека тие на овие простори се ***доселиле*** од ***Вардарска Македонија, западните покраини и од другите западно-бугарски земји***, главно меѓу двете светски војни и подоцна. Во времето на поранешна СФР Југославија тие биле регистрирани како ***„Југословени“*** или „***Македонци***“.

Според бугарската статистика, која се повикува на официјални показатели од **1990** година,[17] во **Хрватска** има околу **350 000 „Југослове-**

17 Исто, стр. 31.

**ни“**, од кои **80 000** се „**Македонци**“, во **Словенија околу 10 000 „Македонци“** и во **БиХ околу 1 900 „Македонци“.**

Оттука, презентираната фактографија во БНД се зема како аргумент дека на тие простори живеат **„десетици илјади граѓани со бугарски етнички корени“.** И во овие „аргументи“, како и во „аргументите“ за Бугарите во Р. Македонија, бугарските стратези не отстапуваат од перфидноста и суптилноста на доказите кога меѓу декларираните „Македонци“ (или „Југословени“) и граѓаните со бугарски етнички корени го повлекуваат знакот на еднаквост.

Во тој контекст, во делот **„*Политички права*“** се констатира дека „*Бугарите во Хрватска и Словенија по 1990 година не се признати за национални малцинства, поради тоа што Бугарија до денес за тоа не покренала официјално барање, ниту пројавила интерес за нивните политички права*“.[18]

***БУГАРИТЕ ВО АЛБАНИЈА***

„Аргументите“ презентирани од бугарските стратези за Бугарите во Р. Македонија и во Хрватска, Словенија и БиХ, со ништо не се разликуваат од аргументите кои следат, односно се однесуваат на Бугарите во Албанија, само со една разлика, што на ***овој простор сè повеќе се пенетрира бугарската асимилаторска политика.***

Во поднасловот ***„Место на живеење“***[19] се тврди дека во Албанија живеат потомци на Бугарите кои ги населувале териториите во тогашните граници на Првата и Втората бугарска држава. Во XVII-XVIII век, многу од нив биле насилно иселени во Македонија, Тракија и Мизија.

Во 1944 година Енвер Хоџа ѝ предложил на бугарската влада во Албанија да испрати бугарски учители. Меѓутоа, тоа не било реализирано, бидејќи од ***страна на бугарската држава се сметало дека во Албанија не живеат Бугари туку „Македонци“.*** Изолацијата на Албанија од светот, како што се наведува во БНД, и незаинтересираноста на Бугарија биле основните причини за прекин на контактите со Бугарите во Албанија сè до 1989 година.

[19] Исто, стр.32.

[18] Исто.

Од почетокот на 90-тите години врските со „бугарските сонародници повторно се воспоставени, што овозможува грижата да оди по нагорна линија".

Според албанските официјални податоци,[20] во Албанија живеат околу **60 000 Бугари**, а според бугарските извори, бројот достигнува до **100 000 луѓе.** Мнозинството е населено во реоните на **Голо Брдо** и **Мала Преспа,** а илјадници Бугари живеат во **Тирана, Елбасан, Драч, Корча и во други градови**. Бугари живеат и во Северна Албанија – **областа Гора**, во девет села на околијата Кукс.

Според бугарските стратези, „***сред тоа население се води активна денационализаторска политика од скопски емисари – македонисти***... со цел да се ***македонизираат албанските Бугари".***[21]

За да се реализираат бугарските цели во однос на „правата"[22] на Бугарите во Албанија, во поднасловот „***Стратегијата на Бугарија***" се детерминирани следниве задачи, средства и сили:

1. Да се направат дипломатски напори, **официјално за да се признае бугарското национално малцинство;**
2. Да се работи на изградбата на **бугарски училишта и библиотеки;**
3. Да се обезбеди доволен број **стипендии за Бугарчињата**, за да можат да се образуваат во бугарски средни и високи школи.
4. Да се обезбеди **бугарско медиумско присуство** кај Бугарите во Албанија преку радио, сателитска телевизија, печат.
5. Да се создаваат услови за издавање бугарско државјанство.

***БУГАРИТЕ ВО ГРЦИЈА***

Во овој дел од БНД, посветен на Бугарите во Грција, посебно импонира големината на перфидноста и суптилноста на средствата и силите кои се во функција на реализирање на бугарските државно-политички цели кои се однесуваат на историски „наследените" територии од бугар-

[20] БНД се повикува на информација од поранешниот претседател Бериша С.

[21] *Национална..*, стр. 34.

[22] Во делот „Политички права" на Бугарите во Албанија, во БНД се наведува дека „Албанското раководство не им попречува на Бугарите да се организираат и да ги развиваат врските со Бугарија", стр. 34.

ското опкружување. Посебноста произлегува од фактот, што и двете држави, Грција и Бугарија, докажуваат „исти историски факти" кон Македонците и нивниот етнички простор, само што Грција „историско-то" го има вградено во сегашниот државен простор, а Бугарија се обидува тоа „право" на Грција да ѝ го оспори со „историски аргументи" кои следат во натамошната експликација на бугарските историски и актуелни „аргументи". Во тој контекст, станува збор за негирање, а истовремено и асимилација, на ист народ и ист етнички простор (**македонски** – заб. Н. Р.), но гледан од различен (двоен) државно-политички стратегиски аршин. Како што следува, „аргументите" за бугарското „историско наследство" на грчките простори се следниве:

Во поднасловот ***„Место на живеење"***[23] се тврди дека во XIX и на почетокот од XX век, во Егејска Македонија и Западна Тракија мнозинството од населението било бугарско.

Најголема етнонеправда, по однос на Бугарите во Грција, на Бугарија ѝ била направена со:

- **Букурешкиот мировен договор од 1913** година, според кој „Грција ѝ ја одзела Егејска Македонија" а „Западна Тракија била присоединета кон Бугарија";
- **Нејскиот договор (1919)** било ветено Западна Тракија да биде ставена под сојузничка управа, а како компензација за отстапката на просторот, Бугарија требало да добие економски простор на Егејското Море, што не било исполнето;
- **Лозанскиот договор (1923)** таа територија ѝ била дадена на Грција, со што, бугарскиот етнопростор бил скратен за „Егејска Македонија" и „Западна Тракија" и
- **состојбите по Првата светска војна** го иницирале меѓусебното договарање (Бугарија и Грција) околу проблемот на заемното раселување на населението врз доброволен принцип. Наспроти договореното, голем број од бугарското население во Егејска Македонија и Западна Тракија било присилно раселувано, а на тие простори биле населувани малоазиски, критски и понтски Грци. Но, и покрај сите репресирања, „**нашите сонародници го зачувале националниот идентитет".**

[23] Исто, стр. 34.

Во тој контекст, перфидноста и суптилноста на бугарските стратези по однос на македонскиот национален идентитет на овие простори, што го детерминираат како бугарски, посебно се експонирани во делот од БНД во кој се тврди:[24]

а) Грчкиот устав, законодавството и практиката не го признаваат идентитетот на „бугарското малцинство". До 1913 година Бугарите се декларирани како „славобугарски Елини", а по оваа година како „Славоелини", што не е во согласност со меѓународните норми за човековите права;

б) нашите сонародници се објект на внимание на македонистите од Скопје, кои ги определуваат за „Македонци", иако грчката раководна средина не признава „македонска нација" во Р. Македонија а населението го смета за бугарско;

в) официјалната грчка статистика на ја прикажува вистинската слика за Бугарите во Грција. Според американски извори, во регионот на Солун живеат околу 60 000 Славомакедонци, кои зборуваат бугарски. Европската комисија за правата на човекот, во 1997 година наведува дека во Грција има 105 000 илјади жители кои зборуваат на мајчин јазик како бугарскиот. Или, според истражувањата на доц. Г. Даскалов. во Грција живеат 255 000 Бугари.

Бидејќи „Грција не го признава суштествувањето на бугарското национално етничко малцинство на нејзината територија", во делот „Стратегија на Бугарија"[25] се детерминираат насоките со стратегиска конотација, кои треба да ги преземе Бугарија во актуелниот и наредниот период за да им се вратат на Бугарите во Грција одземените граѓански и политички права:

1. Бугарија треба цврсто и бескомпромисно пред Грција да го постави прашањето за признавање на бугарското национално малцинство во Егејска Тракија и Македонија;
2. На сите Бугари што живеат во Грција да им се обезбеди слобода на писмото, право да зборуваат на мајчиниот јазик, да комуницираат со блиските и роднините кои живеат во Бугарија;

---

[25] Исто, стр. 37.

[24] Исто, стр. 36.

3. Да се лобира за отворање бугарски училишта и богослужба на бугарски на просторите населени со бугарско население; и
4. Бугарија да обезбеди медиумско покривање на просторите во Беломорска Тракија и Македонија на кои живее бугарско население.

### *БУГАРИТЕ ВО АМЕРИКА И ВО АВСТРАЛИЈА*

Во поднасловот ***„Место на живеење“***[26] се наведува дека Бугарите во Америка и во Австралија емигрирале во последните 120 години. Така, денес на двата континента живеат околу 450 000 емигранти, од кои во САД – 160 000, во Канада – 150 000, во Централна и Јужна Америка – 38 430 и во Австралија и Океанија – 110 150.

Бугарите од Бугарија и од историско-географската област Македонија (станува збор за Македонците од македонскиот етнички географски простор, заб. Н. Р.) кои се иселиле во Новиот свет, се делат на **„стара“** и **„нова“** емиграција. „Старата“ емигрирала во периодот до почетокот на Втората светска војна. „Новата емиграција“ од Македонија, како што се наведува во БНД, се иселила во Америка од 50-тите години па наваму. Таа поминала низ комунистичкото училиште на Скопје и по воспитание е „**македонистичка**“. Помеѓу „старите“ и „новите“ Македонци постои голема разлика – различен им е односот спрема Бугарија, а раздвоена им е и црквата.

Во овој поднаслов посебно се потенцира улогата на бугарското лоби на тие простори, кое би било од големо значење за зајакнување на бугарската свест и врските со матичната земја. Откако се набројуваат повеќе бугарски организации (културно-просветни, студентски, религиозно-црковни општини, хуманитарни, политички) што суштествуваат во САД, Канада и Австралија, се наведува дека пожелно би било за бугарското лоби најактивниот дел да биде составен од политичките организации, додека другите организации би имале помошни функции.

Во тој контекст, најреално би било таквата улога да ја имаат двете основни бугарски политички организации: **БНФ** (Б’лгарски нацио-

[26] Исто, стр. 45.

нален фронт) и **МПО** (Македонска патриотична организација). Заедничко за двете е тоа што имаат контакти со мнозина политичари од американска и меѓународна големина, имаат сопствени изданија (официјален орган и изданија на свои активисти), финансиски ги поддржуваат радиоемисиите, околу себе имаат гравитирачки студентски групи, имаат реално влијание во бугарските црковни општини. Разликата е во тоа што во БНФ членуваат главно лица од „стара" Бугарија (во сегашните граници или во нејзините граници од 1912 год.), а во МПО членови од сите краишта на географската област Македонија.

Во однос на родољубивата дејност и мотивираност, во БНФ проблеми нема, што не е така и во МПО, каде што доминира регионализмот.

Во **почетокот на 90-тите години**, како што се наведува во БНД, **МПО западнала во тешка идејна криза** (преломна била 1991 година, кога Р. Македонија ја прокламира својата независност). Според бугарските стратези, вината за кризата се префрла на субверзивната активност на македонските (југословенски) тајни служби, а голем дел и на грчката пропаганда. Исто така, се обвинуваат и бугарските дипломатски кругови од времето на комунизмот, кои по однос на оваа политичка организација пројавиле голема „незаинтересираност". Како резултат на тоа, на чело на МПО застанале луѓе (родени во Америка, по потекло од Беломорска Македонија), кои ги немаат квалитетите на претходните раководители, ги немаат нивните познавања, слабо или воопшто не зборуваат бугарски, шират догма на лозунгот „Македонија на Македонците"., а некои потпаѓаат под влијание на македонските служби и политичари. Како резултат на тоа, во „Македонска трибуна" почнува (основно) да се пишува на англиски, исчезнале редакторските коментари, почнала масовна појава на препечатување без коментар на написи од американскиот печат. Идејната криза кулминирала со исклучување од сојузот на МПО на структурите од Торонто, кои се обвинувале за водење политика на екстремен бугарски национализам и заложба за директно обединување на Македонија со Бугарија.

Посебно е интересен ставот дека во секој број на „Македонска трибуна" можат да се прочитаат извадоци од македонски информативни агенции, а од анализите на „печатот во Скопје" може да се направи резиме дека во тек се „**разработки за разбивање и преземање на МПО од**

**страна на македонистите. Официјалното раководство на МПО избегнува да ја коментира новонастанатата состојба“.**[27]

Во насоките на бугарските стратези, за реализирањето на стратегиските цели во однос на Бугарите во Америка и во Австралија, во поднасловот ***„Стратегија на Бугарија“*** се дефинираат следниве позначајни задачи и активности:[28]

1. Бугарија да учествува во утврдувањето на активните и формирањето на нови родољубиви емигрантски организации, кои ќе ја сплотуваат дијаспората и ќе ја заштитуваат бугарската национална кауза;
2. Да се активираат контактите на бугарските државни раководители, политичари, дипломати, научници и родољубиви организации со македонско-бугарската емиграција во САД;
3. Бугарските научници да напишат „Историја на бугарската емиграција во Новиот свет“, која на бугарските иселеници ќе им го објаснува потеклото и националните традиции;
4. Бугарската држава и Светиот синод на БПЦ сестрано да ја поддржуваат Бугарската православна епархија во Новиот свет, за да може да ја извршува својата духовна обединувачка мисија кај емиграцијата;
5. Да се финансира издавањето на бугарски весник кој ќе ја запознава македонско-бугарската емиграција со историјата на нејзините корени и јазик и да ги критикува фактите на пропагандата на македонизмот;
6. Целосно противставување на македонистичката пропаганда кога се во прашање индивидуални контакти со нејзините пропагатори;
7. Да се работи врз создавањето активно бугарско лоби во средините на бугарската емиграција во Америка и Австралија.

Агресивноста на современата бугарска стратегија е манифестна и преку ***непризнавањето на македонскиот национален ентитет на Македонците кои живеат на бугарскиот простор, како и непризнавањето на автокефалноста на Македонската православна црква.***

[27] Исто, стр. 50.

[28] Исто, стр. 51.

### *ЗАКЛУЧОК*

Имајќи ги предвид стратегиските аспекти на бугарската држава детерминирани во БНД, најголема помош за Р. Македонија од страна на првата држава која ја призна нејзината независност би била – наместо „татковската“ грижа за судбината на Македонија, која посебно се експонира во актуелното време на албанската герилско-терористичка агресија на дел од македонскиот простор – **верификација на македонската нација и на македонскиот јазик во бугарскиот Парламент.**

Победата на парламентарните избори на Националното движење „Симеон Втори“ навестува нов стратегиски курс во однос на македонската држава со конотација на напуштање на досегашната бугарска политика спрема „македонското прашање“. Тоа, го навестуваат зборовите на Соломон Паси, раководител на екипата за надворешна политика и национална безбедност на движењето на царот: ***„Во моментов нема потреба Бугарија да импровизира и да прифаќа лидерска улога на голема сила и да се однесува татковски спрема Македонија“.***[29]

[29] Преземено од „Дневник“, 3 јули 2001.

## SUMMARY

Radko NAČEVSKI

## MACEDONIA IN THIS BULGARIAN STRATEGICALLY CONTEXT OF 21 CENTURY

Topic of explication in this work is “Bulgarian national doctrine of 21 century”, issued in 1998.

Even thought the Republic of Macedonia had been internationally recognized as a democratic and sovereign country, the strategists of democratic Bulgaria do not close the so called “Macedonian question”. Against that, in the doctrine they even define bulgarian “historically inherited” rights towards macedonian territory and they determine the means and forces for realizing the strategic aims the begining of 21 century.


**Key words:** doctrine, strategy, politics, nation.